Врз основа на член 53 од Статутот на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје, а врз основа на Одлуката на Управниот одбор на Друштвото за свикување Вонредно Собрание на акционери на Друштвото бр. 660 од 18.02.2013 година, Управниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје, објавува:

## П О В И К

До акционерите на Друштвото за учество на
Вонредно Собрание на акционери

Седницата на Собранието ќе се одржи на ден 16.03.2013 година (сабота) со почеток во 10-30 часот во просториите на Друштвото на ул. "Козле" бр. 188 (голема сала).

За седницата се предлага следниот:

Дневен ред

**Процедурален дел**:

1. Отварање на Собранието и верификација на списокот на пријавени и присутни акционери
2. Избор на претседавач на Собранието;
3. Избор на записничар и двајца оверувачи на записникот;
4. Усвојување на Дневниот ред

**Работен дел**:

5. Донесување на Одлука за продажба на дел од сопствени акции

Собранието ќе одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневниот ред, согласно Статутот и Законот за трговски друштва.

Секој акционер кој има намера да учествува на Собранието на Друштвото, должен е да го пријави своето учество на Собранието најдоцна пред почетокот на седницата. Пријавите за учеството на Собранието се доставуваат до Друштвото.

Секој акционер може да овласти со полномошно друго физичко или правно лице како свој полномошник на седницата на собранието на друштвото, што ќе учествува и гласа на седницата на собранието во негово име. Акционерот треба веднаш писмено да го извести Друштвото за секое полномошно дадено во писмена форма. Акционер кој нема да го извести друштвото за даденото полномошно ќе се смета како да не го дал полномошното.Образецот на полномошното е достапен за превземање од интернет страницата на Друштвото.

Согласно Законот за трговските друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување на нови точки, доставено во писмена форма до Управниот одбор на друштвото, со приложено образложение за предложената точка, како и да предложат усвојување на одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневнит ред, а сето тоа во рок од 8 дена од денот кога е објавен јавниот повик за одржување на седницата на собранието.

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред на седницата на собранието на Друштвото.

Одговорите на поставените прашања на седницата на собранието, Друштвото ќе ги објави на својата интернет страница согласно со закон.

Материјалите кои ќе се разгледуваат на седницата на собранието се достапни на акционерите од денот на објавувањето на овој повик, секој работен ден во деловните простории на Друштвото од 12:00 до13:00 часот и се објавени на официјалната интернет страница на Друштвото.

Официјална интернет страница на Друштвото е: www.replek.com.mk

**УПРАВЕН ОДБОР НА РЕПЛЕК АД СКОПЈЕ**

## ГЛАСАЊЕ ПРЕКУ ПОЛНОМОШНИК

Секој  акционер може да овласти со полномошно друго физичко или правно лице како свој полномошник на седницата на собранието.

Полномошното се издава во писмена форма со пополнување на образецот за гласање преку полномошник ( Полномошно за физички лица, Полномошно за правни лица).

Полномошното  мора да содржи комплетни податоци за идентитетот на акционерот и полномошникот, и тоа:
- За акционерот - пополнето целосно име и презиме, своерачен потпис и ЕМБГ на акционер физичко лице, односно назив, седиште, печат, ЕМБС, целосно име и презиме и своерачен потпис на застапник по закон на акционер правно лице.
- За полномошникот - целосно име, презиме и ЕМБГ  за полномошник физичко лице, односно назив, седиште и ЕМБС на полномошник правно лице.

Акционерите треба веднаш да го известат Друштвото за секое дадено полномошно по писмен пат на следната адреса:
РЕПЛЕК АД Скопје
Ул. Клозле бр. 188
1000 Скопје
Со назнака за Вонредно Собрание на акционери

Друштвото може да бара дополнително утврдување на личниот идентитет на акционерот како услов за уважување на полномошното, како и верификација на

## ПРЕДЛАГАЊЕ НА НОВИ ОДЛУКИ

Акционери кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас имаат право по писмен пат да предложат за усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред на седницата на собранието.

Предлогот се доставува во писмена форма во оригинал со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционер физичко лице, односно назив, седиште, печат, целосно име и презиме и своерачен потпис на застапник по закон на акционер правно лице.

Во прилог на предлогот акционертот доставува и соодветни документи за идентификација и тоа:

За акционер физичко лице се приложува:
- Извод од Централен депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите во оригинал не постар од три дена
- Копија од лична карта или пасош

За акционер правно лице се приложува:
- Извод од Цендтрален депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите во оригинал не постар од три дена
- Тековна состојба од Централниот регистер во оригинал не постара од седум дена
- Копија од лична карата или пасош на законскиот застапник

## ВКЛУЧУВАЊЕ НА НОВИ ТОЧКИ ВО ДНЕВНИОТ РЕД

Акционери кои поединечно или заено поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со правно на глас имаат право да предложат дополнување на дневниот ред по писмен пат со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат  и образложение за предложената точка.

Барањето се доставува во писмена форма во оригинал со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционер физичко лице, односно назив, седиште, печат, целосно име и презиме и своерачен потпис на застапник по закон на акционер правно лице.

Во прилог на барањето акционерот доставува и соодветни документи за идентификација и тоа:

За акционер физичко лице се приложува:
- Извод од Центнрален депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите во оригинал не постар од три дена
-Копија од лична карта или пасош

За акционер правно лице се приложува:
- Извод од Централен депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите во оригинал не постар од три дена
- Тековна состојба од Централен регистар во оригинал не постара од седум дена
- Копије од лична карта или пасош од застапник

**ЗА ФИЗИЧКО ЛИЦЕ**

Согласно член 392 од Законот за трговски друштва, се издава

# П О Л Н О М О Ш Н О
## ЗА УЧЕСТВО НА СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ НА РЕПЛЕК АД СКОПЈЕ

Јас _______________________________________________, со ЕМБГ ______________________, со стан на ул.________________________ бр._________ од _______________, како сопственик на ___________ ОБИЧНИ АКЦИИ издадени од РЕПЛЕК АД Скопје,го ополномоштувам лицето________________________________ од __________________ со ЕМБГ _____________________, во мое име да учествува и полноважно да одлучува т.е. да го употреби моето право на глас кое произлегува ___________ Обични акции, на седницата на Собрание на акционери на Реплек АД Скопје, закажано за ден 16.03 2013 година во 10.30 часот во просториите на Друштвото.

Давател на полномошното

_________________________

**ЗА ПРАВНО ЛИЦЕ**

Согласно член 392 од Законот за трговски друштва, се издава

# П О Л Н О М О Ш Н О
## ЗА УЧЕСТВО НА СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ НА РЕПЛЕК АД СКОПЈЕ

Друштвото ____________________________________________, со ЕМБС _________________, со седиште на ул.____________________________ бр._________ во _______________, како сопственик на ___________ Обични акции издадени од РЕПЛЕК АД Скопје, преку законскиот застапник _______________________________________, со ЕМБГ ____________________,со стан на ул.____________________________ бр._________,во ___________________, го ополномоштува лицето ___________________________________ од ___________________, со ЕМБГ ______________________, во име на друштвото да учествува и полноважно да одлучува т.е. да го употреби право на глас кое произлегува ___________ Обични акции, на седницата на Собрание на акционери на Реплек АД Скопје, закажано за ден 16.03 2013 година во 10.30 часот во просториите на Друштвото.

Давател на полномошното

__________________________

# ПРИЈАВА

## ЗА УЧЕСТВО НА СОБРАНИЕ НА РЕПЛЕК АД СКОПЈЕ

Од _______________________________________________, со ЕМБГ ______________________, со стан на ул._________________________ бр._________ од _______________, како сопственик на ___________ ОБИЧНИ АКЦИИ издадени од РЕПЛЕК АД Скопје, го ПРИЈАВУВАМ учество на СОБРАНИЕТО НА АКЦИОНЕРИ на РЕПЛЕК АД Скопје, закажано за 16.03.2013 година во 10.30 часот во просториите на Друштвото.

Подносител на пријавата

________________________